MIKRO KREDIT LIZING SOCIETI D.O.O.
Ул.„Вељко Влаховиќ“ бр.26, Скопје
Web: www.mikroleasing.com

# БИЗНИС ПЛАН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ



**БИЗНИС ПЛАН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

ТАБЕЛА НА СОДРЖИНА:


Поглавје 1: ЗА КОМПАНИЈАТА ..........................................................................страна 3

Поглавје 2: СТРАТЕГИЈА И СТРУКТУРА .........................................................страна 4

Поглавје 3: ПИСМО ОД УПРАВИТЕЛОТ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР.................страна 4

Поглавје 4:  УСЛУГИ НА КОМПАНИЈАТА .....................................................страна 5,6

Поглавје 5: ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА .................................................. страна 6

Поглавје 6: КОНТАКТ АДРЕСА ..........................................................................страна 7

Поглавје 7: ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2008, 31.05.2009 ....................................во прилог

## ЗА КОМПАНИЈАТА

МИКРОКРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО Скопје во Република Македонија е формирана од група на финансиски, банкарски експерти и професионалци во интернационалниот бизнис во развојот на услугите на микрофинансирањето. Како институција со високи стандарди на услуга, ние веруваме дека поставувањето на стандардите и подобрувањето на истите е главен и основен принцип на кој се базира организацијана на работата на оваа компанија.

Нашата желба за финансиски услуги и запознаеност со начинот на извршување на овие услуги, има значајно влијание на гостопримството кон нашите клиенти и партнери.

Нашата мисија е да произведе соодветни финансиски услуги на економски активното население со ниска стапка на приходи, со цел да се подобрат условите за живот во локалната економија која овозможува креирање на средина за развој на отворено, демократски ориентирано општество, со економски независна популација.

Целта на нашата компанија е да се изгради и развие долгорочна, само-одржувачка институција која ќе овозможи микрофинансирање на населението со ниски приходи.







## СТРАТЕГИЈА И СТРУКТУРА

**Стратегијата на компанијата** МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО е да изгради мрежа на успешни канцеларии на територијата на Источна Европа.





- Пронаоѓањето на решенија кои им служат на повеќе луѓе
- Заштита на природата
- Помагање на компаниите и клиентите
- Подигање на стандардите и бенефитите во локалните заедници

**ПИСМО ОД УПРАВИТЕЛОТ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР**

## ПИСМО ОД УПРАВИТЕЛОТ ОД ИЗВРШНИОТ ОДБОР

Од воспоставувањето на компанијата МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО Скопје во Декември 2008, имаме од Министерството за економија добиено посебен број на лиценца 25-10708/1 за вршење на операциите на микрофинансирање.
Импресивните резултати на првите шест месеци примарно се должат на менаџментот и персоналот во компанијата кои континуирано го подобруваат нивното ниво на вештини и искуство. Персоналот постигнува исклучителна работа, ставајќи ја обврската и посветеноста на развојот на компанијата и на услугата на нејзините клиенти. Само нивната многу напорна работа направи да биде возможен развојот и успехот на МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО.

Дел од целосната мисија на МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО групата е да се поставаат стандарди на финансиските сектори во кои ние оперираме. Ние сакаме да направиме разлика не само во смисла на нашите таргет групи кои ги опслужуваме, и квалитетот на финансиските услуги кои ги даваме, туку исто така во согласност со работната етика. Нашите силни корпоративни вредности имаат главна улога во овој аспект. Имаме воспоставено пет есенцијални принципи кои ги водат операциите на МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО институциите:

- ТРАНСПАРЕНТНОСТ : Ние се придржуваме кон принципот за обезбедување транспарентни информации и за нашите муштерии и за општата јавност, и за нашите вработени, и дека нашето извршување е директно и отворено.
- КУЛТУРА НА ОТВОРЕНА КОМУНИКАЦИЈА: Ние сме отворени, фер и конструктивни во нашата меѓусебна комуникација, и соочувањето со конфликти на работа е на професионално ниво, заедно се работи за да се изнајде заедничко решение.
- СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ И ТОЛЕРАНЦИЈА: Ние им даваме на нашите клиленти сигурен совет: нивната економска и финансиска ситуација, нивниот потенцијал и нивните капацитети се проценуваат така да тие можат да просперираат од соодветните „продукти“; промовирање на култура на штедење е значајна за нас;Ние сме посветени на тоа да ги третираме сите наши клиенти подеднакво, кон вработените да се однесуваме со почит и фер, без оглед на нивното потекло, боја, расна и верска или национална припадност, или полотички убедувања.
- СЕРВИСНА ОРИЕНТАЦИЈА; Секој клиент е услужен на пријателски, компетентен и љубезен начин. Нашите вработени се посветени на тоа да обезбедат одлична служба на сите клиенти, без оглед на нивното потекло или големината на нивниот бизнис.
- ВИСОКИ ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ; Секој вработен сноси одговорност за квалитетот на неговата/нејзината работа и се стреми да ја заврши нејзината/неговата работа уште подобро.

Овие вредности на МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО го претставуваат р’бетот на нашата корпоративна култура и се дискутирани и активно се применуваат во нашите секојдневни операции. Уште повеќе, тие се одразуваат во кодот на однесување, кој ги трансформира етничките принципи на МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО групата во практични рамки и насоки за целиот персонал  на МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО. За да се обезбедиме дека новиот персонал целосно ги сфаќа и прифаќа принципите на работа кои се дефинирани погоре, се спроведуваат тренинзи за сите нови вработени кои во себе вклучуваат сесии кои се занимаваат исклучиво со кодот на однесување и неговото значење за сите членови на нашиот тим. И за да се обезбеди вработените да останат посветени на нашите високи етички стандарди и да се станат свесни за новите насоки на развој кои имаат и етички димензии за нашата институција, сесии за освежувачки тренинг – во кој случај се презентирани изучувања на конкретни случаи и во кои се дискутираат сивите области – а кои редовно се спроведуваат врз постоечкиот персонал.

**ПИСМО ОД УПРАВИТЕЛОТ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР**

## ЛИНИИ НА ПРОИЗВОДИТЕ

- **Советодавни услуги**
- **Заеми**
- **Лизинг и инвестирачки услуги**

## КОРПОРАТИВНО СОВЕТУВАЊЕ

Тимот за корпоративното финансиско советување е единствена смеса од фокусирани на долгот специјалисти за корпоративно финансирање, со експертиза во корпоративнни стратегии и вредност на акционери, спојување и превземање, финансиска стратегија, советодавност во областа на рејтинзи и финансиски решенија комбинирани со посебна понуда на совети. Ние обезбедуваме за нашите клиенти дистинктивно објективни и интегрирани советувања со развој на силни конекции помеѓу финансиската стратегија и специфичните финансиски решенија.




## КРЕДИТИРАЊЕ (ЗАЕМИ)

Овој продукт се фокусира да пружи персонални заеми на потрошувачите.

Микро-кредит – овој тип на потрошувачки кредит е наменет за финансирање на секојдневните обврски и за подобрување на паричните текови.

- Методологија – индивидуална
- Износ – од 100 до 1000 ЕВРА
- Период на отплата – од 3 до 12 и 15 месеци, максимум 18 месеци

## ОСНОВНИ ФОРМИ НА ЛИЗИНГ

- Финансиски лизинг
- Оперативен лизинг
- продажба и поврат на лизинг средствата
- инвестиционен лизинг

Финансиски лизинг – Овој тип на лизинг е финансиски лизинг за финансирање на возила:

- Износ – 5.000 до 10.000 ЕВРА
- Учество – 25%
- Период на оптплата – 24, 36 максимум 60 месеци

## ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

## БОРД НА УПРАВИТЕЛИ

Основни цели на бордот: висока стапка на мотивација за предводење со јасни упатства на иновативен развој што се однесуваат на потребите на домашниот пазар и интернационализам и активност во партнерските конекции во странските пазари.

## ФИНАНСИСКИ, СМЕТКОВОДСТВЕН И РЕВИЗОРСКИ ОДДЕЛ

Активноста на овој оддел е извршување на платежните трансакции на домашно и на интернационално ниво, подготовка на финансиските извештаи и биланси на компанијата, водење грижа за солвентноста и надзор над способноста да се излезе во пресрет на финансиските обврски.

## ПРАВЕН ОДДЕЛ

Активностите на правниот оддел се однесуваат на статутарните и правните работи на компанијата МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО Скопје кои ги следат новините во Законодавството и како последица од тоа вршат хармонизација на моменталните операции, ги подготвуваат договорите, внатрешните општи акти, вршат правно советување, склучуваат договори со клиентите и се грижат за работите во врска со персоналот.

## АНАЛИТТИЧКИ ОДДЕЛ

Неговата цел е да извршува макро-економски операции следејќи ја работата на компанијата, готовинскиот паричен тек и курсот на домашната валута, анализирајќи ги инвестициите и следејќи ги перспективите на истите гранки, монетарниот тек и движењето на валутата, анализа на инвестициите и индиректна грижа за способноста да се пресретнат финансиските обврски на компанијата.

## ИТ ОДДЕЛ

ИТ одделот (Оддел за Интернет и Телекомуникации) ги контролираат дневните операции на сите електронски и софтверски комуникациски направи во рамки на компанијата.

## КОНТАКТ АДРЕСА

Име на компанијата: МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО Скопје
Адреса: ул. Вељко Влаховиќ бр. 26, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефони: 02 329 6870, 02 329 6871, 02 329 6872
Факс: 02 321 1797
Е-маил: info@mikroleasing.com
Веб: www.mikroleasing.com

